Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2022 година

Скопје, октомври 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 октомври 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата не учествуваа членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Митилинеос Когенеративна постројка Скопје)

2. Предлог - одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Балкан Реневабле Инвестментс ДОО Скопје)

3. Предлог - одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Енимак ДООЕЛ Скопје)

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за формирање Меѓуресорска работна група за исполнување на условите за приклучување на Република Северна Македонија во Global Entry Програмата на САД

7. Информација за „Потребата од потпишување на Конвенција за манипулација со спортски натпревари“, со текст на Конвенција

8. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на армискиот полигон „Криволак“, со Предлог - одлука

9. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан

10. Предлог на закон за ратификација на Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Митилинеос Когенеративна постројка Скопје), во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Балкан Реневабле Инвестментс ДОО Скопје), поради потребата, истата да се разгледа на оперативна група и на седница на Комисијата за стратешки инвестициони проекти.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Енимак ДООЕЛ Скопје) поради потребата, проектот да го разгледа оперативна група и Комисијата за стратешки инвестициони проекти.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 5</u>**

Владата на предлог на м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, а по повод донесените нови економски мерки за справување со ефектите од енергетската и ценовна криза, донесени на Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 октомври 2022 година, ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 14.10.2022 година (петок) до Владата да достават Предлог на закон за финансиска поддршка за социјално ранливи категории на граѓани.

Доколку не се постигне меѓусебна согласност помеѓу двете министерства, Министерството за труд и социјална политика до Владата да достави предлог измени и дополнувања на постојните законски прописи, со цел спроведување на економските антикризни мерки.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Меѓуресорска работна група за исполнување на условите за приклучувње на Република Северна Македонија во Global Entry Програмата на САД и ја усвои Информацијата, со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за национална безбедност и Министерство за финансии-Царинска управа, во рок од три дена од денот на усвојувањето на оваа информација, до Министерството за надворешни работи, да достават номинација за членови во Меѓуресорска работна група за исполнување на условите за приклучување на Република Северна Македонија во Global Entry Програмата на САД.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за „Потребата од потпишување на Конвенција за манипулација со спортски натпревари“, со текст на Конвенција и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата за манипулација со спортски натпревари.

2. Се определува м-р Славица Грковска заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Конвенцијата за манипулација со спортски натпревари.

Истовремено, Владата заклучи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и Министерството за правда да извршат меѓусебно усогласување пред ратификацијата на Конвенцијата.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на армискиот полигон „Криволак“, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука во блиска воздушна поддршка со воздухоплови на вооружените сили на САД на армискиот полигон „Криволак“, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка во заштита од катастрофи во Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире

Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Џеват Селами, раководител на сектор во Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука и Наташа Дескоска, помошник- директор во Министерството за надворешни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |